**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 2111/2023**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Стопанска Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ.бр.998/18 од 10.05.2018 год. на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, Нотарски Акт – Анекс број 1 на Договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ.бр.1794/18 од 08.08.2018 год. на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, Нотарски Акт – Анекс број 2 на договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ.бр.2298/18 од 09.10.2018 год. на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, и Нотарски Акт – Анекс број 3 на договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ.бр.480/19 од 15.03.2019 год. на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, против должникот/заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030007621842 и ЕМБС 6187188 и седиште на бул.8-ми Септември бр.13-СЦ Борис Трајковски Скопје, Карпош, за спроведување на извршување, на ден 28.03.2024 година го составува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
### (врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:
1. Самоуслужна перална за возила која е лоцирана до базенот Борис Трајковски во Скопје и тоа:
Самоуслужна перална за возила производител: TECON, Тип: JWTEC5-22FOR, година на производство: 2018, составена од:
- Бокс за перење на возила комплет со пиштол и жетоњера, количина 5;
- опрема за припрема на потрошна вода и греење лоцирана во машинска сала, количина: комплет;
- Двоен уред за внатрешно чистење на возила, количина: 3;
- уред за наплата, количина: 1;
- Монтажна метална конструкција – кровна и странична со термопанели, количина: 1;
- монтажна термопанелна машинска сала, количина: 1;
- Озвучување и осветлување, количина: комплет;
- рекламно пано, количина: 1.

со вкупна вредност за сите составни делови во целина, во износ од 2.368.000,00 денари, која вредност по предлог на заложниот доверител претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

2. Четирицикл (L7e – CHETIRICIKL), облик и намена на каросерија: ЕН – Tovarni zatvoreno, марка: PIAGGIO, комерцијална ознака: QUARGO, со идентификационен број на возилото: ZAP4P10000002085, тип на мотор: LDW702/P, идентификационен број на мотор: 065476861, година на производство: 2007, со регистарски број: SK-4618-AE,
со вредност во износ од 130.000,00 денари која вредност по предлог на заложниот доверител претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

3. Товарно моторно возило, облик и намена на каросерија: BA/SG – Keson/vozilo za specijalna namena, марка: PEUGEOT, комерцијална ознака: EXPERT 1.6 HDI, тип: G9 / X T9HUC, идентификационен број на возилото: VF3XT9HUC64156090, идентификационен број на мотор: 0014739, година на производство: 2008, со регистарски број: SK-1902-AM,
со вредност во износ од 194.000,00 денари, која вредност по предлог на заложниот доверител претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: заложно право во корист на заложниот доверител Стопанска Банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 12.04.2024 година во 11:00 часот во просториите на Извршител на Извршител Игор Антевски од Скопје, на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 11.04.2024 година.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат, по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

Д.-на: должникот/заложен должник ДПТУ ФОРЦА ШПЕД ДООЕЛ Скопје
Заложен доверител

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.